UDK 37

ISSN 2545 - 4439
ISSN 1857 - 923X

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

Scientific Papers

EDUCATION

Vol. 45. 2.

KIJ Vol. 45 No. 2 pp. 329 - 532 Skopje 2021

KNOWLEDGE

INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS
# VOL. 45.2

*April, 2021*

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**
**SKOPJE**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific Papers Vol. 45.2

**ADVISORY BOARD**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Siniša Zarić PhD, Maria Kavdanska PhD, Venelin Terziev PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Cezar Birzea PhD, Veselin Videv PhD, Ivo Zupanovic, PhD, Savo Ashtalkoski PhD, Zivota Radosavljević PhD, Laste Spasovski PhD, Mersad Mujevic PhD, Milka Zdravkovska PhD, Drago Cvijanovic PhD, Predrag Trajković PhD, Lazar Stosic PhD, Krasimira Staneva PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Daniela Todorova PhD, Baki Koleci PhD, Lisen Bashkurti PhD, Zoran Srzentić PhD, Sinisa Opic PhD, Marija Kostic PhD

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**Editor in chief**
Robert Dimitrovski, PhD

**KNOWLEDGE - International Journal Scientific Papers Vol. 45.2**

**ISSN 1857-923X (for e-version)**
**ISSN 2545 – 4439 (for printed version)**

## INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD

**President:** Academic, Prof. Vlado Kambovski PhD, Skopje (N. Macedonia)

**Vice presidents:**
Prof. Robert Dimitrovski PhD, Institute of Knowledge Management, Skopje (N. Macedonia)
Prof. Sinisa Zaric, PhD, Faculty of Economics, University of Belgrade, Belgrade (Serbia)
Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
Prof. Mersad Mujevic PhD, Public Procurement Administration of Montenegro (Montenegro)
Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting, Zagreb (Croatia)

**Members:**
- Prof. Azra Adjajlic – Dedovic PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Aleksandar Korablev PhD, Faculty of economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Aziz Pollozhani PhD, Rector, University Mother Teresa, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Aneta Mijoska PhD, Faculty of Dentistry, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Alisabri Sabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Artan Nimani PhD, Rector, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolverhampton, (United Kingdom)
- Prof. Ana Dzumalieva PhD, South-West University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ali Hajro, PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse, Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Boshkovic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Baki Koleci PhD, University Hadzi Zeka, Peya (Kosovo)
- Prof. Branislav Simonovic PhD, Faculty of Law, Kragujevac (Serbia)
  Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University “Goce Delcev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Cezar Birzea, PhD, National School for Political and Administrative Studies, Bucharest (Romania)
- Prof. Cvetko Andreevski, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Drago Cvijanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Dusan Ristic, PhD Emeritus, College of professional studies in Management and Business Communication, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Darijo Jerkovic PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Daniela Todorova PhD, “Todor Kableshkov” University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Dragan Kokovic PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Dragan Marinkovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

- Prof. Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Fadil Millaku, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Fatos Ukaj, University “Hasan Prishtina”, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Georgi Georgiev PhD, National Military University “Vasil Levski”, Veliko Trnovo (Bulgaria)
- Prof. Halit Shabani, PhD, University “Hadzi Zeka”, Peja (Kosovo)
- Prof. Halima Sofradzija, PhD, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Haris Halilovic, Faculty of criminology and security, University of Sarajevo, Saraevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Helmut Shramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Hristina Georgieva Yancheva, PhD, Agricultural University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, Rector of the University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Hristina Milcheva, Medical college, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Izet Zeqiri, PhD, Academic, SEEU, Tetovo (N.Macedonia)
- Prof. Ivan Marchevski, PhD, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Ibrahim Obhodjas PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Ivo Zupanovic, PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Ivan Blazhevski, PhD, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Isa Spahiu PhD, AAB University, Prishtina (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelik PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, Podgorica (Montenegro)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Jamila Jaganjac PhD, Faculty of Business Economy, University “Vitez”, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljevic PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia & Herzegovina)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar“ - Varna (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
- Prof. Katerina Belichovska, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Krasimir Petkov, PhD, National Sports Academy “Vassil Levski”, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Prof. Kiril Lisichkov, Faculty of Technology and Metallurgy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Krasimira Staneva PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Larisa Velic, PhD, Faculty of Law, University of Zenica, Zenica ( Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Łukasz Tomczyk PhD, Pedagogical University of Cracow (Poland)

- Prof. Lujza Grueva, PhD, Faculty of Medical Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Lazar Stosic, PhD, Association for development of science, engineering and education, Vranje (Serbia)
- Prof. Lulzim Zeneli PhD, University of Gjakova “Fehmi Agani” (Kosovo)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N.Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Marusya Lyubcheva PhD, University “Prof. Asen Zlatarov”, Member of the European Parliament, Burgas (Bulgaria)
- Prof. Marija Magdinceva – Shopova PhD, Faculty of tourism and business logistics, University “Goce Delchev”, Shtip (N. Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, South-West University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mihail Garevski, PhD, Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Mitko Kotovchevski, PhD, Faculty of Philosophy, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Milan Radosavljevic PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovikj, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Marija Knezevic PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Margarita Bogdanova PhD, D.A.Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Mahmut Chelik PhD, Faculty of Philology, University “Goce Delchev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Mihajlo Petrovski, PhD, Faculty of Medical Sciences, University “Goce Delchev”, Shtip (N.Macedonia)
- Prof. Marija Mandaric PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinic, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
  Prof. Marijan Tanushevski PhD, Macedonian Scientific Society, Bitola (N. Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Miodrag Smelcerovic PhD, High Technological and Artistic Vocational School, Leskovac (Serbia)
- Prof. Nadka Kostadinova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Nenad Taneski PhD, Military Academy “Mihailo Apostolski”, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Nevenka Tatkovic PhD, Juraj Dobrila University of Pula, Pula (Croatia)
- Prof. Nedzad Korajlic PhD, Faculty of criminal justice and security, University of Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)

- Prof. Nikola Sabev, PhD, Angel Kanchev University of Ruse, Ruse (Bulgaria)
- Prof. Nonka Mateva PhD, Medical University, Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Nikolay Georgiev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nishad M. Navaz PhD, Kingdom University (India)
- Prof. Nano Ruzhin PhD , Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Oliver Dimitrijevic PhD, High medicine school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Paul Sergius Koku, PhD, Florida State University, Florida (USA)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Petar Kolev PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Pere Tumbas PhD, Faculty of Economics, University of Novi Sad, Subotica (Serbia)
- Prof. Rade Ratkovic PhD, Faculty of Business and Tourism, Budva (Montenegro)
- Prof. Rositsa Chobanova PhD, University of Telecommunications and Posts, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rossana Piccolo PhD, Università degli studi della Campania - Luigi Vanvitelli (Italy)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Rumen Stefanov PhD, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)

  Prof. Rumen Tomov PhD, University of Forestry, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Sasho Korunoski PhD, UKLO, Bitola (N.Macedonia)
- Prof. Snezhana Lazarevic, PhD, College of Sports and Health, Belgrade (Serbia)
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, High Medicine School, Bitola, (N. Macedonia)
- Prof. Suzana Pavlovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Sandra Zivanovic, PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, University of Kragujevac, Vrnjacka Banja (Serbia)
- Prof. Shyqeri Kabashi, College "Biznesi", Prishtina (Kosovo)
- Prof. Temelko Risteski PhD, Faculty of Law, AUE-FON University, Skopje (N. Macedonia)
- Prof. Todor Krystevich, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov (Bulgaria)
- Prof. Todorka Atanasova, Faculty of Economics, Trakia University, Stara Zagora (Bulgaria)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Violeta Dimova PhD, Faculty of Philology, University "Goce Delchev", Shtip (N. Macedonia)
- Prof. Vojislav Babic PhD, Institute of Sociology, University of Belgrade (Serbia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Valentina Staneva PhD, "Todor Kableshkov" University of Transport, Sofia (Bulgaria)
- Prof. Venus Del Rosario PhD, Arab Open University (Philippines)
- Prof. Vjollca Dibra PhD, University of Gjakova "Fehmi Agani" (Kosovo)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Zlatko Pejkovski, PhD, Faculty of Agricultural Sciences, UKIM, Skopje (N.Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljevik PhD, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugovic PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)

## REVIEW PROCEDURE AND REVIEW BOARD

Each paper is reviewed by the editor and, if it is judged suitable for this publication, it is then sent to two referees for double blind peer review.

The editorial review board is consisted of 63 members, full professors in the fields 1) Natural and mathematical sciences, 2) Technical and technological sciences, 3) Medical sciences and Health, 4) Biotechnical sciences, 5) Social sciences, and 6) Humanities from all the Balkan countries and the region.

**CONTENTS**

LEGAL EDUCATION IN HIGH SCHOOLS IN ALBANIA – REQUIREMENT AND NECESSITY . 343
Menada Petro ... 343
THE ROLE OF THE SCHOOL LIBRARIAN IN THE ERA OF THE EXPANSION OF EDUCATIONAL, INFORMATIONAL AND DIGITAL LITERACY ... 349
Suzana Kotovchevska ... 349
Anita Shterjoska - Mitreska ... 349
THE SCOPE OF THE TEACHING PLAN AND PROGRAM AS A STUDENTS' OVERLOAD FACTOR ... 355
Ankica Antovska ... 355
Arita Agai ... 355
Ardita Ceka ... 355
WHY DO THEY DO IT? THE MOTIVATION SOURCES OF INNOVATIVE TEACHERS ... 361
Rina Cohen ... 361
THE PEDAGOGICAL ANALYSIS AS A FUNCTION OF GOVERNANCE IN EDUCATIONAL INSTITUTIONS ... 367
Akseniya Tileva ... 367
MODERN EDUCATION IN THE PRISM OF GENERATION Z STUDENTS ... 371
Stanislava Pancheva ... 371
STUDENTS WITH DISABILITIES AND ONLINE LEARNING: CHALLENGES AND DIFFICULTIES FROM THE POINT OF VIEW OF THEIR PARENTS ... 377
Orneda Gega ... 377
TEACHING AND LEARNING IN PRIMARY SCHOOL IN SERBIA DURING THE PANDEMIC .. 387
Katarina Diklić ... 387
THE INFLUENCE OF ONLINE TEACHING ON AVERAGE SUCCESS OF THE CLASS IN THE PRIMARY SCHOOL ... 393
Lidija Kamcheva - Panova ... 393
Slavica Pilatova ... 393
Zoran Mitev ... 393
USEFULNESS OF THE VIDEO DIDACTIC TOOLS IN THE ONLINE PRACTICAL EDUCATION ... 401
Binnaz Asanova ... 401
USING HUMOR FOR EDUCATIONAL PURPOSES: FROM LAUGHTER TO KNOWLEDGE ... 407
Saša Stepanović ... 407
Vladimir Ilić ... 407
STUDY REGARDING SCHOOL ABANDONMENT AND ITS EFFECTS ON ROMANIAN SOCIETY ... 413
Pleșca(Jîța) Cleopatra ... 413
Vass Hunor ... 413
Mateoc Teodor ... 413
Orboi Dora ... 413
Mateoc-Sîrb Nicoleta ... 413
IMPORTANT PROFESSIONAL COMPETENCE APPLIED IN PRE GRADUATION PRACTICE ... 419
Tsveta Hristova ... 419
Teodora Todorova ... 419
DIAGNOSIS OF ASSESSMENT IN DIFFERENT FORMS OF LEARNING ... 425
Rosen Dimitrov Valchev ... 425
PROSOCIAL BEHAVIOR – BASIC CONCEPTS ... 433
Maria Stoyanova Dishkova ... 433

EDUCATIONAL RESOURCES AND QUALITY EDUCATION – THE NECESSITY OF TODAY'S TIME ........ 441
Havushe Rexhepi ........ 441
Rabije Murati ........ 441
INNOVATIVE METHODS FOR BUILDING CAREER MANAGEMENT SKILLS THROUGH TRAINING IN A TRAINING COMPANY, IN THE SECOND SECONDARY STAGE (XI – XII GRADE) – VOCATIONAL EDUCATION ........ 449
Krassimir Mitrev ........ 449
THE CREATIVE WORK FOR DEVELOPMENT OF ELEMENTARY GEOMETRY KNOWLEDGE IN CHILDREN IN KINDERGARTEN ........ 455
Maria Temnikova ........ 455
GENERAL REACTIVITY AND MANIFESTATIONS OF COGNITIVE DISMODERATION INTERCOURSE IN CHILDREN OF PRIMARY SCHOOL AGE ........ 461
Vesela Ivanova Bozhkova ........ 461
DIFFICULTIES IN COMMUNICATION WITH STUDENTS IN THE PERIOD OF ADAPTATION TO THE NEW SCHOOL ENVIRONMENT ........ 465
Arita Agai ........ 465
Ardita Ceka ........ 465
Ankica Antovska ........ 465
PREPARATION FOR PERCEPTION OF MUSIC BY FUTURE TEACHERS IN PRIMARY SCHOOL ........ 471
Smilena Smilkova ........ 471
THE INFLUENCE OF MOBILE GAMES AS A MEANS OF ENHANCING THE PHYSICAL CAPACITY OF FIRST GRADE STUDENTS ........ 477
Kamen Simeonov ........ 477
STUDENT'S MOTOR ACTIVITY IN FOLK DANCE CLASSES ........ 485
Kaloyana Krumova-Tsoncheva ........ 485
METACOGNITIVE ONLINE READING STRATEGIES ........ 491
Maja Stanojević Gocić ........ 491
INCLUSION CONTEMPORARY READING COMPREHENSION APPROACHES INTO THE FIRST CYCLE DEVELOPMENTAL CURRICULUM ........ 497
Arbresha Zenki-Dalipi ........ 497
Arita Agai ........ 497
THE PROCESS OF READING COMREHENSION AND COMMUNICATING WITH TEXT AS A BASIS IN PRIMARY TEACHING ........ 505
Irena Kitanova ........ 505
THE IMPACT TEXTBOOKS HAVE ON THE ACHIEVEMENTS OF STUDENTS FROM THE FIRST, SECOND AND THIRD GRADE IN THE SCHOOLS OF THE MUNICIPALITY OF GOSTIVAR AND VRAPCISTE ........ 509
Rabije Osmani ........ 509
Rabije Murati ........ 509
DEVELOPMENT AND MEANING OF SPEECH, LANGUAGE AND TEXT IN LANGUAGE METHODOLOGY ........ 515
Irena Kitanova ........ 515
TEACHING STRATEGY OF THE CONTENT READING "CULTURE" BY TAJAR ZAVALANI ........ 521
Merita Banjica ........ 521

# DEVELOPMENT AND MEANING OF SPEECH, LANGUAGE AND TEXT IN LANGUAGE METHODOLOGY

**Irena Kitanova**
Faculty of educational science, University Goce Delcev, Stip, N.Macedonia, irena.kitanova@ugd.edu.mk

**Abstract:** Language is a system of expressing thoughts that have certain phonetic and grammatical rules and serve as a means of understanding between people.
For more than 2,000 years, language has been the subject of research and discussion, from ancient Indian, Greek, and Roman philosophers to medieval grammarians and modern linguists of the twentieth or twenty-first century.
The oldest discussion of language is called Cratil, authored by Plato. The work is written in the form of a dialogue between Socrates and Harmogen and Socrates and Cratila. Harmogen argues that language is the result of convention, while Kratil believes that language originated naturally, that is, it was given by the gods. On the other hand, Aristotle in his work "On interpretation" (De interpretation), believes that no name is given in a natural way but it is only a symbol. During this period, special emphasis was placed on the written word, and the word grammatike originally meant "writing skill". Modern linguists consider conventionalist and naturalistic thinking to be unfounded.
**Keywords:** language, speech, development, text, teaching

# РАЗВОЈ И ЗНАЧЕЊЕ НА ГОВОРОТ, ЈАЗИКОТ И ТЕКСТОТ ВО МЕТОДИКАТА ПО ЈАЗИК

**Ирена Китанова**
Факултет за образовни науки, Универзитет Гоце Делчев, Штип, С. Македонија,
irena.kitanova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Јазикот претставува систем на изразување на мислите кои имаат одредени гласовни и граматички правила и служат како средство за разбирање помеѓу луѓето.
Веќе повеќе од 2000 години јазикот е предмет на истражување и расправа почнувајќи од старите индиски, грчки и римски филозофи, па сé до граматичарите во средниот век и до модерните лингвисти на дваесетиот или дваесет и првиот век.
Најстарата расправа за јазикот се вика “Кратил“, чиј автор е Платон. Делото е напишано во вид на дијалог помеѓу Сократ и Хармоген и Сократ и Кратила. Хармоген го застапува гледиштето дека јазикот е резултат на конвенција, додека пак Кратил смета дека јазикот настанал природно т.е  дека е даден од боговите. Од друга страна пак Аристотел во своето дело “За интерпретацијата“ ( De interpretation), смета дека ниедно име не е дадено по природен пат туку тоа претставува само симбол. Во овој период посебен акцент се ставало на пишаниот збор, а зборот граматика (grammatike) првобитно значела “вештина на пишувањето“. Модерните лингвисти сметаат дека конвенционалистичкото и натуралистичкото мислење се неосновани.
**Клучни зборови:** јазик, говор, развој, текст, настава

## 1. РАЗВОЈ И ЗНАЧЕЊЕ НА ГОВОРОТ, ЈАЗИКОТ И ТЕКСТОТ ВО МЕТОДИКАТА ПО ЈАЗИК

Јазикот претставува систем на изразување на мислите кои имаат одредени гласовни и граматички правила и служат како средство за разбирање помеѓу луѓето.
Веќе повеќе од 2000 години јазикот е предмет на истражување и расправа почнувајќи од старите индиски, грчки и римски филозофи, па сé до граматичарите во средниот век и до модерните лингвисти на дваесетиот или дваесет и првиот век.
Најстарата расправа за јазикот се вика “Кратил“, чиј автор е Платон. Делото е напишано во вид на дијалог помеѓу Сократ и Хармоген и Сократ и Кратила. Хармоген го застапува гледиштето дека јазикот е резултат на конвенција, додека пак Кратил смета дека јазикот настанал природно т.е  дека е даден од боговите. Од друга страна пак Аристотел во своето дело “За интерпретацијата“ ( De interpretation), смета дека ниедно име не е дадено по природен пат туку тоа претставува само симбол. Во овој период посебен акцент се ставало на пишаниот збор, а зборот граматика (grammatike) првобитно значела “вештина на пишувањето“. Модерните лингвисти сметаат дека конвенционалистичкото и натуралистичкото мислење се неосновани.

Дека јазикот и говорот не се едно исто зборува и основачот на модерната лингвистика Фердинанд де Сосир[36], според кој се разликува Langve (јазик, систем) и parole (жив збор, говор). Според него јазикот претставува друштвена институција, колективна работа, фиксиран вид на говор, збир на правописи и правила кои во една средина ги одредуваат употребата на звукот, обликот, синтаксата и лексиката.
Јазикот е средство за разбирање помеѓу народот, Тој претставува систем од знакови, односно организирање на вербалните знакови. За да може да ја остварува оваа функција во етничка или поширока заедница, јазикот мора да има исти фонетски, морфолошки, синтаксички и лексички систем. Затоа јазикот претставува општествен феномен и претставува способност за употреба на вербалните знакови, а воедно и средство за формирање на мислите. Доколку се внимава на некое свое размислување ќе се види дека во него доаѓаат до израз поедини елементи на јазикот.
Јазикот настанува, опстанува и се развива во непрекинато меѓудејствување со светот и општеството во кое се употребува. Затоа се смета дека природниот јазик на човекот е сложен како и неговиот живот. Јазикот претставува општествена  појава која овозможува меѓусебна комуникација на одредена група на луѓе, но истовремено и нивно оптимално искажување на оние елементи кои ја обележуваат таа заедница.
Како основна дефиниција за јазикот може да се земе дека јазикот претставува систем од апстрактни симболи, односно знакови кои на човекот му овозможуваат развој на општествениот и духовниот живот кој се остварува преку општење со луѓето[37]. Тоа истовремено претставува и способност за општење по пат на артикулираниот систем на вербални знакови.
Се смета дека јазикот во општа смисла на зборот претставува моќ, говорна способност на сите луѓе да меѓусебно разговараат во оквирот на своите заедници по пат на гласовни симболи. Може да се каже дека јазикот е друштвена категорија, дека потекнува од луѓето и дека единствено опстанува до луѓето.
Јазикот е сопственост на народот, општествена институција по определба, а не на база на избор. Говорот претставува конкретен и индивидуален избор на истиот тој народ. Човековиот говор како конкретно реализирање на јазикот претставува психофизиолошка условена способност на истражување на психичкиот живот. Затоа постои од една страна конкретниот говор на поединецот, а од друга страна јазикот како единство, апстракција на целото говорење, општо богатство на една заедница.
Говорот има две основни функции: тој е средство за комуникација и облик на постоење на мислата. Јазикот пак преку говорот претставува медиум за искажување општиот дел на една заедница и поединец: желби, волја, мисли, чувства. Тој е универзално средство за комуникација, образование и духовен развој.
Кога лингвистите зборуваат за јазикот и говорот, тие под тие поими подразбираат два дела од лингвистичките членови на јазикот: систем (код) и синтагма (говор). Индивидуалниот говор лежи на нормите на јазикот, но со самиот индивидуален чин говорот ја нарушува постоечката норма. Јазикот е истовремено производ и оружје на говорот. Културното наследство на народот и поединецот и комуникацијата со нив, овозможени се благодарение на говорот (јазикот).
Гледано историски и во поголеми временски размери, говорот се менува бидејќи е резултат на конкретна ситуација, што всушност резултира со добивање на ново значење на зборовите, а губење на старото. На тој начин се доаѓа до евалуација  на јазикот и говорот.
Човековата комуникација подразбира постоење на поединци кои имаат заеднички симболички систем, кои се способни да го кодираат и да го декодираат тој систем и чиешто кодно однесување систематски е под влијание на комуникациската ситуација.
Всушност, овој заеднички симболички систем е јазикот и тој значително се разликува од системот на комуникација кај другите видови. Оваа разлика, пред се се однесува на двостројството на структурата на јазикот каде примарната структура се наоѓа во синтаксичко ниво, или гласовно ниво. Со помош на фонолошкото спојување на фонетските единици, се организираат реченички единици во јазикот. Тоа се зборовите. Втората важна особина на човековиот јазик е неговата творечка способност. Тоа значи дека секој кој што зборува на својот мајчин јазик е во состојба да состави и да разбере безброј нови реченици и тоа творештво не е ниту свесно ниту рационално.
Јазикот според Фердинанд де Сосир е систем на меѓусебно поврзани знаци, така што вредноста на првиот знак зависи од присуството на вториот знак[38]. Колин Чери, во своето незаобиколено дело за човековата комуникација, одредувајќи го поимот комуникација, сметал дека тоа го вклучува, пред сé јазикот како

[36] De Saussure F., (1997):.Revue Suisse  de linguistique generale, Geneve, Librairie Droz.
[37]  Cvetanovic, V.( 2000), p.14:*Osnove culture govora I retorike,* Beograd, Top, стр.34-35
[38] De Saussure F.,,ibidem, p.267.

симбол, било тој да се искажува како говорен дијалект, запис на камен, морзеов сигнал или бројчани импулси испишани на компјутер. К. Чери јазикот го нарекува "огледало на општеството".
Исто така, американскиот лингвист Хјуз, држејќи се до традицијата на Де Сосир, утврдува дека јазикот е "систем на арбитрарни вокални симболи преку кои се пренесуваат мислите од едно на друго човечко битие". Комуницирањето се одвива преку користење на јазикот. Тој систем на симболи: уснени и писмени и тоа на еден релативно стандардизиран начин со што се пренесува значењето на тие симболи. Јазикот е најважната карактеристика на човекот со што тој се издвојува од останатиот животински свет.
Јазикот има речник и граматика. Речникот не е збирка на случајни, туку на високоорганизирани вокализации. Тој содржи заменки, облици на образување на време (презент, перфект, футур итн.), простор, броеви со кои се претставуваат вистината или лагата.
Граматиката опфаќа структурални нивоа, фонолошки и синтаксички правила.
Основните елементи на јазикот како систем на јазици се:

- ✓ Јазикот е систем на знаци којшто има уредена и дадена структура, а во таа структура местото и улогата на одделени составни делови се одредени во однос спрема другите составни делови и спрема целината.
- ✓ Јазикот е систем на знаци кој како своја основа го има принципот на симболизација. Разликувајќи го средството за изразување и предметот на означување, човекот преку знаците ги издвојува и ги именува одделните сегменти, аспекти и релацијата на светот што го опкружува.
- ✓ Систем на правила за поврзување на звукот и значењето.

Исто така јазикот има и свои основни функции:

- ✓ Јазикот е основно средство за комуницирање.
- ✓ Јазикот ја одразува личноста на поединецот и културата на неговото општество.
- ✓ Јазикот овозможува развој и пренесување на културата, континуитетот од неговото општество и ефикасно функционирање и контрола на сите облици на општествениот живот.

Јазикот е материјализирана мисла. Човекот кога говори или пишува, мисли. Светот на човекот токму преку јазикот се преобразува во комуникативна активност.
Јазикот е систем на апстрактни симболи, односно знаци кои на човекот му овозможуваат развиен, општествен и духовен живот што се остварува во општењето меѓу луѓето. Според Фернанд де Сосир, основоположникот на лингвистиката, јазикот го разликуваме како[39]:

1.Јазик, воопшто, човечки јазик
2.Јазик со кој говорат членовите на одредена заедница и
3.Говорот на поединецот.

Во речничко-енциклопедиската литература за поимот јазик се вели дека тој е лингвистички термин со две значења:

1.Говорен орган и
2.Систем на знаци што служат како средство за договарање.

Јазикот во општо или во поширoко значење ја опфаќа човековата способност да се служи со уредениот знаковен систем заради соопштување на своите мисли и чувства. Јазикот, во потесна смисла на зборот, се артикулирани гласови изразени во систем на знаци, општесвено и историско развиени, со кои се служи иста човечка заедница, заради меѓусебно договарање.
Јазикот е огледало на умот, вели Ноам Чумски[40]. Јазикот е круна на активноста на човечкиот дух. Со помош на јазикот, според К. Маркс[41], се материјализира нашата мисла. Тој се јавува како средство со помош на кое се врши пренос на сите системи на човековото спознание. Јазикот според Чарлс Морис[42], е општествен систем на знаци што ги посредуваат одговорите на членовите на една заедница, едни кон други и кон нивната околина.
Примарен елемент во секојдневната комуникација се јазикот и говорот. Јазикот и говорот секогаш се во меѓусебна нераскинлива врска. Ако јазикот е средство за пренесување на некои идеи, говорот е средство за гласовна реализација на јазикот. Говорот е материјализација на мисловната активност, што значи дека говорот претставува една длабока врска меѓу човековото доживување и надворешната материјална

[39] De Saussure F, Ibidem.
[40] Chomsky, N,(2002): *Syntactic structures*, Berlin, GMBH & Co., KG.
[41] Lorraine ,Y. L. ,( 1984): *Marx and the postmodernism debates*, Greenwood Publishing group.
[42] Lorraine Y. L., ibidem.

стварност. Преку говорот, од една страна, тој го афирмира своето "јас", за објективниот свет дава можност да ја сфати и да ја разбере неговата мисловно-емотивна активност. Договарањето засновано на разумското сфаќање и намерното пренесување на мислите и доживувањата неизоставено бара одреден систем на средство, чиј прототип бил, е и секогаш ќе биде човековиот говор, настанат за потребата на договарање во текот на работата.

Јазикот претставува едно од основните и темелни обележја на човечкото битие, на секој човек посебно, зашто човек без јазик-не би бил човек.

Неговата основна функција е пред сé разбирање меѓу луѓето, и тоа не само одлика на човекот, зашто и другите живи суштества можат да имаат и имаат некои облици и форми на комуницирање. Но, само човекот има моќ и способност да зборува. Тоа и посебно го издвојува, зашто јазикот го одделува и одредува човекот на групен или социолошки план, како припадник на одредена општествена заедница која се служи со посебен јазик. Но, тука се присутни и битните индивидуални одлики на секој човек, што треба да се има предвид.

Јазикот настанува, опстанува и се развива во непрекинато меѓудејство со светот и општеството за кое се зборува. Тој е и своевиден израз на човековиот однос кон светот, кон општеството и кон самиот себе. Но, истовремено, јазикот е облик на творечко делување на човекот во текот на неговото (јазично) менување и на општеството. Оттука и природниот човечки јазик како и животот се сложени, променливи, но во рамките на одредени системи и процеси се создава, опстанува и се развива. Кога е збор за односот на јазикот и општеството, кој е реципрочен, јазикот мора да овозможи општествен и психички живот достоен за човекот-да служи како средство за разбирање, но и многу повеќе од тоа-да служи и како медиум за филозофски рефлексии и поетски инспирации.

Според тоа, јазикот е општествена појава која овозможува меѓусебна комуникација на одредена група на луѓе, но истовремено и нивно оптимално искажување на она што ги карактеризира таа човечка заедница. Во тоа посебно е изразен односот на јазикот и културата. Зашто, без можноста јазикот да ги изрази сите елементи на интерперсоналноста, остануваме затекнати и без доволнио можност за она што се вика општествена надградба, во што посебно место има културата. Јазикот е повеќе од средство за пренесување на информации: со помош на него се пренесува и енергијата од одделни членови на колективот на други членови, и така ја насочува и остварува општествената активност.

Но, да се обидеме да укажеме на битните својства на јазикот, зошто на тој начин ќе добиеме потполна прегледност во она што го викаме основен облик на разбирање меѓу луѓето и битниот феномен на човечкото битие.

Основната дефиниција би можела да биде дека *јазикот е систем од апстрактни симболи, односно знаци кој на човекот му овозможува развиен општествен и духовен (душевен) живот и кој се остварува во опитење меѓу луѓето.* Тоа истовремено е и способност за општење по пат на артикулацискиот систем од вербални знаци.

Тука веднаш се поставуваат и две дилеми: прво, сите луѓе имаат јазик, но немаат ист јазик, и второ, јазикот се искажува само во комуникацијата.

Оттука во општата смисла наа зборот јазикот е моќ, говорна способност на сите луѓе меѓусебно да општат во рамките на својата заедница по пат на гласовни симболи. Може да се рече дека јазикот е општествена категорија, дека проникнал во општеството и дека единствено постои во човечкото општество. Но одделни јазици се дадени внатре, во одредени општествени заедници и тие не се наследени, туку мора да се совладаат. Така јазикот е општа способност која ја поседуваат сите луѓе, но секогаш се јавува во облик на посебен јазик.

Кои се основни елементи на јазикот како систем од знакови?

1. Јазикот е систем од знаци кои имаат средена и дадена структура, а во таа структура местото и улогата на одделните составни делови се одредени со односот кон другите составни делови и кон целината.

2. Јазикот е систем од знаци кои во основата го имаат принципот на симболозација. Разликувајќи ги средството на изразување и предметот на означување, човекот низ знаковите ги изделува и именува одделните сегменти, аспекти и релации на светот кои го опкружуваат.

3. Систем од правила за поврзување на звукот и значењата.

Единствено на човекот му е достапно покрај природните знаци (кога грми, тоа е знак дека ќе врне) да ги користи и сам да ги организира конвенционалните, т.е. општествеено востановени знакови кои ги нарекуваме симболи. Способноста да се создаваат вербални симболи, но и нивно усвојување и употреба се важни одлики кои човекот го разликуваат од животните.

Природниот човечки говор е дар од бога и своина на секој човек, а се манифестира на три основни нивоа: а) како способност, б) како знаење (компетенција) и в) како употреба (чин,пракса). Ноам Чомски тоа го сведува на јазична способност и говорна дејност.

Бидејќи во основата на јазикот е општење меѓу луѓето-разбирање, и бидејќи јазикот е основно, најсовршено средство за разбирање, без него не би можеле да се организираат и да постојат општествени заедници. Оттука, јазикот е битен предуслов за постоење на човечкото општество. Но, јазикот се реализира само во општеството, па така и тој почива на општествената заедница. Поради тоа може да се заклучи дека помеѓу јазикот и општеството постои однос на *заемна зависност*. Може да се рече дека се создале заедно во постојана и повеќекратна интеракција и само така јазикот и општеството можат да егзистирааат.

*Јазичка способност*- Како облик на разбирање-изразување и соопштување меѓу луѓето, јазикот има посебна способност да пренесува информации. Со помош на него луѓето го осознаваат светот и се осознаваат себеси; со помош на него медитирааат и создаваат поетски дела. Во тоа е посебната способност на јазикот и односот кон културите воопшто, но и поединечно.

*„Јазичката способност се огледа во богатството на јазичките средства со кои располагаат поединецот и колективот, во количината и квалитетот на единиците од лингвистичкиот систем, нивната кревкост-убавина и -леснотија на активирање„*

Човекот, кога зборува, секогаш прави логично поврзување на зборовите. Неговиот говор е смисловно одреден и е поткрепен со соодветни емоционални сигнали кои го дообликуваат изразот.

Говорот произлегува од јазикот и претставува негова звучна реализација. Во јазикот се отсликува говорната личност и тоа во сите јазични структури бидејќи нејзините особини се огледуваат не само во изговорот на гласовите, изборот на зборовите, користење на обликот, туку и во користењето на сликовитоста, во интонацијата и акцентот.

Говорењето е таков облик на остварување на јазикот во кој доминираат звучно-аудитивните елементи и се отстрануваат со помош на говорниот и чујниот механизам. Говорењето секогаш е мултимедијално. Неговите основни елементи се: гласот, гестот, мимиката, комуникативниот канал, реалното време и слушните елементи. Говорењето е примарно, а пишувањето е секундарно, како графичка визуелна слика на насочен говор. Говорењето е многу комплексно бидејќи има цела скала на дополнителни одлики преку кои се добива дополнителна информација или пак дадената се детализира и зајакнува.

Предноста на говорењето е тоа што учесниците се физички присутни и внимаваат на реакцијата на слушателот или слушателите. Меѓутоа говорењето е исклучиво сложен јазичен израз заради тоа што настанува во истиот момент и што нема многу време за концентрација и дотерување.

Говорот постанува моќно средство за комуникација помеѓу луѓето и средство за развивање на психичкиот живот, бидејќи човечкиот говор суштински се разликува од сите други видови на обраќање. Разликата е во тоа што зборовите се носители на значење и бидејќи говорот има сигнификативна функција.

Говорот претставува конкретен психофизички процес-дејствие на човековиот организам. Главна особина која човекот го одвојува од другите животински видови на земјата, е неговата способност да пронаоѓа и користи, речиси безгранични можности на гласови. Гласовите кои со текот на развојот ги формира човекот ги нарекуваме говор, а вкупната маса на гласови кои луѓето нормално ги изговараат ги нарекуваме јазик.

Говорната моќ на човекот е основна, прапочетна и нагонска. Претставува човечка особина и моќ преку која сите знаења, искуства и целиот живот во природата и општеството спонтано ги пренесува. Преку говорот се формираат имиња на предмети, особини, односи, бидејќи е променлив и жив.

Говорот произлегува од јазикот и претставува негова звучна реализација. Во јазикот се отсликува говорењето на личноста и тоа во сите јазични структури, бидејќи нејзината особина не се согледува само во изговарањето на гласовите, изборот на зборови, обликот на зборот туку и во користењето на сликовитоста, интонацијата и акцентот, *"Човекот ја користи граматиката на својот мајчин јазик, но онаа која на него му одговара, иако треба да ја познава целата*", искажал познатиот професор Васиќ.

Говорот кај човекот настанува кога поединецот во конкретна говорна ситуација со помош на говорните органи го активира системот на знакови на одреден јазик. Говорот континуирано го богати јазикот бидејќи во ризницата на еден јазик континуирано влегуваат нови зборови. На богатењето на јазикот влијаат писателите, медиумите како и дијалектните подрачја.

Во говорот се среќаваат звуци кои секојдневно ги слушаме, се активираат делови од телото кои целосно го моторизираат па затоа се смета дека говорот претставува предмет на расправа за многу научни дисциплини. Според древната индиска филозофија, говорот во човекот претставува место во кое се собираат сите знаења.

Јазикот и говорот (лат. Logos, glossa; lingua) се дефинираат како човекова способност со помош на зборови, гестови и знаци да се изрази мислата која само разумот може да ја сфати. При говорењето се искажува мислата за целината на постоењето на битието, затоа Аристотел кажал дека човекот е суштество кое има ум

и говор (zoon logon ehon). Говорот преставува соединување на природата и духот во една смисловна целина на светот. Тоа што разумот е едно а говорот друго предизвикува одредени забуни дека говорот преставува само знак или нешто означува.

Мислењето е возможно и без говорење-теорија за јазикот како функционален знак која кулминира во семантиката како општа теорија за знаците. Ваквото мислење фигурира во структуралната лингвистика уште од Фердинанд де Сосир па сé до модерните лингвистички правци.

Во техничката цивилизација се врши инструментализација на говорот така да се почесто се среќава како средство за манипулација, идеолошко надговорење и убедување. Ваквото сфаќање за говорот кореспондира со сфаќањето за реториката како средство за наговарање, или вештина за управување со зборовите.

**ЛИТЕРАТУРА**

Bognar, L.M. (2005). ***Didaktika***, Zagreb, Skolska Knjiga
Cvetanovic ,V. (2000). *Osnove kulture govora I retorike*, Beograd,Topi
Chomsky, N. (2002). *Syntactic structures*, Berlin, GMBH & Co., KG
De Saussure, F. (1997).Revue Suisse de linguistique generale, Geneve, Librairie Droz.
Gebl, M. (2005). ***Predstavite sebe***, Beograd , Finesa.
Lorraine ,Y. L. (1984). *Marx and the postmodernism debates*, Greenwood Publishing group
Meyers, C. (1988). *Teaching students to think critically*, Jossey bass San Francisko
Stevanovic, M. (2003). *Didaktika*, Digital point, Rijeka,
Hewes, D. E. (1995). T*he Cognitive Basess of Interpersonal Communication*, Lawrence Erlbaum Associaties